# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

**Службен весник на РМ, бр. 139 од 04.11.2008 година**

**Член 1**

Во Законот за заштита на населението од заразни болести ("Службен весник на Република Македонија" бр. 66/2004), насловот на Главата VI "Казнени одредби" се менува и гласи: " Прекршочни одредби".

**Член 2**

Во членот 66 став 1 зборовите: "Со парична казна од 50.000 до 250.000 денари, ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на".
Во ставот 2 зборовите: "казни со парична казна од 5.000 до 50.000 денари и" се заменуваат со зборовите: "изрече глоба во износ од 300 до 650 евра во денарска протввредност и на".

**Член 3**

Во членот 67 зборовите: "Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 300 до 650 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на".

**Член 4**

По членот 67 се додава нов член 67-а, кој гласи:

„Член 67-а

Прекршочната постапка за прекршоците предвидени во овој закон ја води надлежниот суд.
Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон, Министерството за здравство води постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците."

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".